# З А П И С Н И К

од спроведениот Јавен повик за формирање на Иницијативен одбор за одржување на Конститутивното локално собрание на млади во Општина Гевгелија

Општина Гевгелија во согласност со членот 17 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр. 10/20) отпочна постапка за конституирање на Локално собрание на млади. При што, распиша Јавен повик за формирање Иницијативен одбор, објавен на веб-страната на Општина Гевгелија. Поради недоволниот број апликации, Повикот беше продолжен. Притоа, беше испратен и допис до сите младински организации, организации за млади, политички помладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои реализираат активности на подрачјето на Општина Гевгелија за номинација на свои претставници. Во роковите за двата повика за формирање Иницијативен одбор пристигнаа 6 апликации со номинација на членови:

- Милчо Јовановски, номиниран од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија

- Катерина Колева, самоиницијативно;

- Марија Стојанова, самоиницијативно;

- Благоја Панов, номиниран од Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија;

- Ангела Шаренкова, номинирана од Средношколското здружение „Мултимедија“- Скопје;

- Тијана Ристова, номинирана од Центар за едукација, култура и активизам „Мултус“- Гевгелија

Врз основа на увидот во апликациите, Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе Одлука за членови во Иницијативниот одбор да бидат:

- Милчо Јовановски, номиниран од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија;

- Тијана Ристовска, номинирана од Центар за едукација, култура и активизам „Мултус“- Гевгелија

- Ангела Шаренкова, номинирана од Средношколското здружение „Мултимедија“- Скопје.

бр. 08-387/2

17.02.2022 г.

Општина Гевгелија

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА